РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1140/2
17-06-2024 г./v.

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1140/1 од 13.03.2024 година, против Претседателот на здружението за лов и спортско рекреативен риболов „_____" од ________, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1140/1 од 13.03.2024 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 13.03.2024 година, поднесена е пријава против Претседателот на здружението за лов и спортско рекреативен риболов „_____" од _______ и оформен е предмет со број 12-1140/1 од 13.03.2024 година.

Во пријавата подносителот посочува на злоупотреби во делот на материјалното и финансиско работење од страна на претседателот на начин што финансиските средства од тековната сметка на здружението преку платежна картичка биле злоупотребени и користени за приватни потреби. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата, пријавеното лице не е службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека нема елементи за свое надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил:П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК